# АБСТРАКТ

Евазијата претставува појава на преземање на активности од страна на царинските и даночните обврзници заради избегнување на плаќање царини, даноци и други такси. Евазијата е последица на напорот на обврзникот да го намали даночниот односно царинскиот товар. Со избегнувањето на плаќање на царини и даноци се влијае на намалување на јавните средства кои се формираат врз тие основи. Последиците од евазијата се од повеќекратна природа и во прв ред се рефкелтираат преку намалените фискални приходи. Ова значи дека евазијата води кон буџетски дефицит. Освен вака детерминираните фискални, евазијата има и економски последици. Истите влијаат преку пореметување на еднаквоста на условите за работа преку намалување на трошоците за производство на оние обврзници и сектори кои прибегнуваат кон затајување на данок, царина и други такси. Со тоа се создава нелојална конкуренција помеѓу обрзниците што на економски план се одразува низ ценовниот диспаритет на производите, посебно ако со евазијата се постигнале значајни гранични вредности. Социјалните последици од евазијата се воочуваат преку пореметувањето на еднаквоста како основно начело во современите даночни системи, бидејќи еден круг на обврзници врши евазија и со тоа другите обврзници ги доведува до нееднаква економска и социјална положба.

Клучни зборови: Царини, даноци, евазија, ефекти, буџет на Косово.

## ABSTRAKT

The evasion is appearance of taking action by the customs and tax bonds for the avoidance of paying duties, taxes and other fees. The evasion is a result of the efforts of the taxpayer to reduce tax or customs burden. Avoiding the payment of duties and taxes affects the reduction of public funds. The evasion consequences are from multiple nature and are primarily reflected through reduced fiscal revenues. This means that the evasion lead to budget deficits. Besides this fiscal, The evasion has economic consequences, also. This consequences are disrupting equality of working conditions through the reduction of production costs of those bonds and sectors who resort to evasion of tax, customs and other fees.This creates unfair competition between bonds that is reflected through the price disparity of products, especially if the evasion have achieved significant limits. The social consequences of the evasion been registered through disruption of equality as a fundamental principle in modern tax systems, since a round of bonds make the evasion and led to uneven economic and social position of other bonds.

Key words: custom taxes, taxes, evasion, effects, budget of Kosovo.